**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ** Сузана Милевска, согласно член 92 став 1 од Законот за судовите, член 33 став 1 од Судскиот Деловник, Законот за Судски Совет и Законот за судска служба, по утврдување на одржаната седница на судии на ден 23.01.2024 год., денес на ден 23.01.2024 год. ја донесе следната:

# ПРОГРАМА
# ЗА РАБОТА НА ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ
# ЗА 2024 ГОДИНА

## 1. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Врз основа на член 92 од Законот за судовите произлегува обврска на Претседателот на Основниот суд Кочани за донесување на Годишна Програма за работа на судот за 2024 година, и истата се утврдува на седница на судиите.

Целта на програмата е да се предвидат, проектираат, предложат и утврдат сите работи од надлежноста и делокругот на работата на Основен суд Кочани за деловната 2024 година како: организациската поставеност на судот, начинот на кој ќе биде организирана работата во тековната година, предвидување на мерките кои ќе треба да се превземат заради постигнување ефикасност и економичност, како во делот на организирање на работите кои се однесуваат на нормално функционирање на судот така и во поглед на навремено и уредно извршување на работните задачи во делот на стручните, административно-техничките работи на судот, работата на судската управа, и спроведување на Судскиот Деловник.

Крајната цел на оваа програма е со спроведување на предвидените мерки и активности во делот на организациската поставеност, доследното почитување на Судскиот деловник, и предвидување и проектирање на сите други прашања кои се однесуваат на работењето во тековната година, доведување на судот во состојба на ажурност во решавањето на предметите во сите области, со што ќе се постигне целосна судска заштита на сите субјекти во меѓусебните односи за кои се одлучува во судските постапки, подигнување на угледот на работата на судот и зголемување на довербата во судството воопшто.

## 2. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СУДОТ

Согласно член 31 од Законот за судовите, Основниот суд Кочани, како првостепен стварно и месно надлежен суд со проширена надлежност, својата надлежност ќе ја остварува одлучувајќи во постапките пропишани со

соодветните закони:

- за правата на човекот и граѓанинот и нивните правно засновани интереси;
- за споровите помеѓу граѓаните и другите правни субјекти;
- во постапките за кривични дела и прекршоци и
-други работи што со закон или друг пропис се ставени во надлежност на судот.

Претседателот на судот го претставува судот, и истиот ќе има еден заменик претседател од редот на судиите, кој ќе го заменува во случај на негово отсуство. Судскиот администратор и претседателот на судот ќе ја организираат работата во судот и ќе ги превземаат потребните мерки за навремено и уредно вршење на работите во судот, навремено и уредно вршење на стручните и административно-техничките работи на судот, работата на судската управа и спроведување на Судскиот Деловник.

Согласно одлука на Судскиот Совет на Р.С.Македонија е предвидено судиската функција во Основен суд Кочани да ја извршуваат 10 судии, меѓутоа во текот на 2024 година фактички судиската фунција ќе вршат само 6 судии, заедно со претседателот на судот, од кои еден судија е делегиран во овој суд од Основен Граѓански суд Скопје, бидејќи во меѓувреме еден судија замина во пензија, еден судија е избран за претседател на Основен суд Виница, а еден судија е именуван за В.Д претседател на Основен суд Берово.

Во Основен суд Кочани ќе функционираат два оддели како организациски единици: кривичен и граѓански оддел, бидејќи дел од судиите, поради недостаток на судии, постапуваат во предмети и од граѓанска и од кривична област.

Согласно Судскиот Деловник редовно, најмалку еднаш месечно, ќе се одржуваат колегиуми на судските оддели и седници на судиите, на кои ќе се разгледувааат месечните извештаи за работа на судот, состојбата со старите нерешени предмети и заостатокот на предмети, редовното работење на судот и тековните проблемите кои евентуално ќе произлезат во текот на годината, како и други прашања за кои е предвидено со Деловникот, или ќе се јави потреба да бидат разгледувани или одлучувани на колегиумите и седниците на судии.

На колегиумите и седниците по потреба ќе присуствуваат и учествуваат и стручните соработници и раководителите на оддели, а по потреба ќе се одржуваат и работни средби со ОЈО Кочани, претставници на Адвокатската комора, претставници на Нотарската комора и извршители, претставници на Министерството за внатрешни работи, други стручни лица и претставници на државни и јавни институции и невладини организации, заради решавање и надминување на определени проблеми, на кој начин ќе се обезбеди транспарентност на работењето на судот и соработка со сите институции, со единствена цел обезбедување на ефикасна и економична судска заштита на граѓаните и остварување на нивните права и интереси загарантирани со Устав и закон.

Претседателите на одделите ќе бидат задолжени за редовно

одржување на колегиуми на оддел и разгледување на состојбата со стари нерешени предмети и изнаоѓање на соодветен начин на совладување на приливот и заостатокот од претходната година.

## 3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СУДСКАТА СЛУЖБА

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Основен суд Кочани во овој суд се предвидени 88 работни места, од кои заклучно со 31.12.2023 година има вработено вкупно 36 судски службеници согласно Законот за судска служба, 4-ца се вработени по Законот за работни односи, и 8 судии, но во текот на 2023 годината еден судија беше именуван за В.Д. претседател во Основен суд Берово, еден судија е избран за претседател на Основен суд Виница, а на еден судија му престана работниот однос поради заминување во пензија, односно во текот на првото шестомесечје судиската функција фактички ја извршуваа вкупно 6 судии, од кои 5 судии и Претедателот на судот, а во текот на второто шестомесечје судиската функција ја извршуваа вкупно 5 судии од кои 4 судии и Претседателот на судот.

Судиите имаат посетувано обуки организирани од Академијата за судии и јавни обвинители, така што ги имаат исполнето потребните часови на задолжителна обука која треба во текот на годината да се реализира преку Академијата за судии и јавни обвинители.

Во 2023 година беа одобрени и реализирани две нови вработувања на неопределено време.

Заради ограничувањата на бројот на барани нови вработувања во текот на 2023 година еден работник работеше со договор на определено време, кој му истече заклучно со 31.12.2023 год.

За 2024 година е поднесено барање за одобрување на 2 нови вработувања, еден судски службеник за работно место ,,стручен соработник“, и еден судски референт на работно место ,,дактилограф,, барање за едно унапредување (еден виш судски соработници), и едно барања за вработување на определено работно време на место записничар.

Бидејќи и понатаму останува проблемот со недостаток на судии и судски соработници, сметаме за потребно во догледно време да се обезбеди согласност за пополнување и на овие работни место, минимум двајца стручни соработници, минимум двајца судии и двајца записничари.

Согласно одлуката на Судскиот Совет на Р.С.Македонија за Основен суд Кочани е предвидено да постапуваат и судиската функција да ја извршуваат 10 судии, меѓутоа со пензионирање на судии во претходните години, разрешување на еден судија по негово барање во текот на 2021 година, и разрешување на еден судија поради исполнување на услови за старосна пензија во текот на 2023 година, во текот на 2024 година фактички ќе постапуваат 6 судии, од кои еден е претседател на судот и еден е судија времено делегиран од друг суд, бидејќи еден судија во текот на 2023 година

беше избран за претседател на Основен суд Виница, а еден судија е именуван за В.Д. претседател на Основен суд Берово.

Со овој број на судии значително е отежнато изготвувањето на Годишниот распоред за работа на судиите, особено во формирањето на советите од тројца судии, па често се јавува потреба од изземања во кривичните предмети поради законски пречки опеределен судија да постапува во некој предмет, проблеми околу назначување на втор судија во судечки совет од 5 члена, а со тоа и честа потреба да се бара определување на друг суд да постапува по кривичен предмет, но и неопходноста судии кои се специјализирани да работат во граѓанска материја да земат во работа и прекршочни, а понекогаш и кривични предмети.

Поради намалениот број на судии приливот на предмети не може да се совлада ниту да се намали заостатокот на нерешени предмети од претходната година.

Во однос на спроведувањето на Судскиот Деловник и за оваа година се планира и предвидува целосно почитување и спроведување на Судскиот Деловник.

Предметите ќе се земаат во работа по редоследот на заведување и прием, со тоа што приоритет ќе имаат итните предмети. Приоритет ќе се даде и на решавање на старите предмети над 3 години, а согласно Акционен план ќе се предвиди доставување на периодични извештаи од судиите за причините за долгото траење на постапките како и план на судијата согласно кој би можело да се надмине таквата состојба и заврши постапката.

Евиденцијата на судските предмети и списи ќе се води единствено електронски во Автоматизираниот компјутерски систем за водење на судските предмети – АКМИС, согласно измените и дополнувањата на Судскиот Деловник донесен од страна на Министерот за правда.

Согласно Правилникот за анонимизација на судските одлуки, Упатството за анонимизација на судските одлуки и Законот за управување со движењето на предметите во судовите, ќе се врши анонимизација на правосилните судски одлуки, а правосилните и анонимизирани одлуки ќе се објавуваат во законски предвидениот рок на интернет страницата на судот, на начин утврден со закон.

Со одржување на редовни седници и колегиуми на судиите и работни состаноци на судскиот администратор и претседателот на судот со административни-техничкиот кадар и сите вработени во судот ќе се влијае врз зголемување на личната и колективна одговорност на сите вработени за чување и грижливо ракување со инвентарот, канцелариският и друг материјал, како истиот би се користел и употребувал штедливо и домаќински.

И во текот на 2024 година се планира продолжување на веќе започнатата постапка за лачање на архивираните предмети.

Работното време на судот е од 07.30 часот до 15.30 часот, времето за пауза од 11.00 часот до 11.30 часот, па ќе се води контрола и евиденција за почитувањето на работното време со редовна проверка на електронската евиденција за редовност и навременост. Судскиот администратор ќе биде

задолжен редовно на крајот на месецот да доставува евиденција за сите вработени за редовност на работа, користење на годишни одмори, боледувања или други отсуства, а секој вработен ќе биде должен да го оправда секое напуштање на работното место надвор од предвиденото работно место и времето за пауза кај одговорното лице.

## 4.ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЈАВНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Работата на судот е од јавен интерес и од тие причини во тековната 2024 година ќе се посвети поголемо внимание и ќе се превземат соодветни активност за подобрување на транспарентноста и отчетноста на работата на овој суд.

За таа цел ќе се зголемат активностите за обезбедување подобра пристапност на судската интернет страница, ажурирање на податоците и нивно зголемување со подобрување на содржината и видливоста на интернет страницата, објавување на кратки биографии на судиите, податоци за одговорни лица во судот и контакт телефони, тековни активности, извештаи за работа и сл.

Анонимизираните одлуки редовно ќе се објавуваат на веб стрницата, а ќе се настојува и редовно ажурирање и објавување на податоците за закажани рочишта.

Ќе се организираат средби со заинтересирани медиуми на кои ќе се известува за извештаите за работа на судот, ќе се презентираат значајните активности и програми, а ќе се остваруваат и отворени денови и средби со граѓаните.

Ќе се посвети внимание на зголемување на учеството на судиите и вработените на организирани јавни и стручни форуми и едукативни средби.

## 5. ОЧЕКУВАН ОБЕМ НА РАБОТА И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Имајќи ја во предвид согледаната состојба на резултатите од работењето на крајот на 2023 година, и донесениот Распоред за работа на судот за 2024 година, заостатокот на предмети по области на крајот на претходната година и претпоставениот прилив на предмети во тековната година, а врз основа на искуствата од претходните години, остварените норми во текот на 2023 година и вообичаените резултати поединечно за секој судија и на ниво на суд, сметаме дека е реално за 2024 година да се планира и оствари следниот обем на работа:

**КРИВИЧЕН ОДДЕЛ**

КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ЗА ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА
-ќе постапуваат двајца судии

-нерешени на крајот на 2023 година - 262 предмети
-очекуван прилив -300 предмети
-вкупно во работа - 562 предмети
- очекуван број на решени предмети - 300 предмети
-остаток на 31.12.2024 година 262 предмети.

Бројот на предмети вкупно 300 што се предвидува да бидат решени е добиен со планирање секој од двајцата судии да решаваат по 14 предмети просечно месечно, која норма е остварлива за 10.5 месеци работа.

Со решавање на вкупно 300 предмети во текот на годината, и остатокот од 262 предмети на крајот на годината, ќе значи совладување на приливот но не зголемување на заостатокот, со што може да се очекува во текот на оваа година во оваа област судот да биде ажурен.

При ова мора да се напомене дека според досегашното искуство за да се постигне ажурност во областа со кривично полнолетни предмети потребно е да постапуваат тројца судии, меѓутоа со години station наназад во оваа област судот не може да се доведе во состојба на ажурност, односно да се совлада приливот и да се намали заостатокот, поради континуираното делегирање на судии од овој во друг суд.

Имајќи во предвид дека во 2024 година од предвидените 10 места по Систематизација во судот ќе останат фактички судиската функција да ја вршат само 6 судии, доколку ваквата состојба не се промени, останува неизвесно остварување на предвидениот план за работа за 2024 година, освен ако не се изврши пополнување на испразнетите места за судии.

ОЦЕНА НА ОБВИНИТЕЛЕН АКТ

Ќе постапува еден судија.

-нерешени на крајот на 2023 година 20 предмети
-очекуван прилив 50 предмети
-вкупно во работа 70 предмети
-да се решат 55 предмети
Остаток на 31.12.2024 година 15 предмети.

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава по 5 предмети месечно за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 15 предмети на крајот на годината ќе претставува тромесечен заостаток со што во овој дел судот би бил релативно ажурен.

КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ЗА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА

Ќе постапува еден судија

-нерешени на крајот на 2023 година 15 предмети
-очекуван прилив 8 предмети

-вкупно во работа 23 предмети
-да се решат 20 предмети
Остаток на 31.12.2024 година 3 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава по 2 предмети за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 3 предмети на крајот на годината ќе претставува еден месечен заостаток со што судот би бил апсолутно ажурен во оваа област.

ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ
Ќе постапува еден судија
-нерешени на крајот на 2023 година 1 459 предмети
-очекуван прилив 1 100 предмети
-вкупно во работа 2 559 предмети
-да се решат 1 300 предмети
Остаток на 31.12.2024 година 1 259 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата кој во текот на 2024 година ќе прима нови предмети треба да решава просечно месечно по 124 предмети за 10.5 месеци работа, но заради совладување на приливот и намалување на заостатокот во текот на 2024 година ќе биде направен Акционен план за вклучување во работа на овие предмети барем на уште еден судија.

**ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ**

ПАРНИЧНИ ПРЕДМЕТИ

Согласно Годишниот распоред за работа на судиите на Основен суд Кочани за 2024 година е предвидено двајца судии да постапуваат по сите видови на граѓански и парнични предмети.

Работни спорови
-нерешени на крајот на 2023 година 215 предмети
-очекуван прилив 300 предмети
-вкупно во работа 515 предмети
-да се решат 300 предмети
Остаток на 31.12.2023 година 215 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по 14,28 предмети месечно за 10.5 месеци работа.

Семејни спорови

-нерешени на крајот на 2023 година 48 предмети
-очекуван прилив 100 предмети
-вкупно во работа 148 предмети.
-да се решат 120 предмети
Остаток на 31.12.2024 година 28 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по 7 предмети за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 28 предмети на крајот на годината ќе претставува тримесечен заостаток па и во оваа област судот би бил релативно ажурен.

Облигациони спорови

-нерешени на крајот на 2023 година 34 предмети
-очекуван прилив 30 предмети
-вкупно во работа 64 предмети
-да се решат 44 предмети
Остаток на 31.12.2024 година 20 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по 3 предмети месечно за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 20 предмети на крајот на годината ќе претставува од седум месечен заостаток и судиите кои постапуваат во овие спорови би биле релативно ажурни.

Имотни спорови

-нерешени на крајот на 2023 година 29 предмети
-очекуван прилив 30 предмети
-вкупно во работа 59 предмети
-да се решат 40 предмети
Остаток на 31.12.2024 година 19 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по 3 предмети месечно за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 19 предмети на крајот на годината ќе претставува шест месечен заостаток па и во оваа област се предвидува дека судот би бил релативно ажурен.

Парнични предмети од мала вредност

-нерешени на крајот на 2023 година 105 предмет
-очекуван прилив 170 предмети
-вкупно во работа 275 предмети
-да се решат 180 предмети
Остаток на 31.12.2024 година 95 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по 8,5 предмети месечно за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 95 предмет на крајот на годината ќе претставува единаесет месечен заостаток а со тоа судот би бил неажурен во овие спорови.

Платни налози по приговори

-нерешени на крајот на 2023 година 92 предмет
-очекуван прилив 100 предмети
-вкупно во работа 192 предмети
-да се решат 120 предмети
- остаток на 31.12.2023 година 72 предмет

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по 9 предмети за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 72 предмети на крајот на годината ќе претставува помалку од едно месечен заостаток, но со ваквиот број на решени предмети би се совладал приливот и бисе намалил заостатокот со што во оваа област судот би постигнал апсолутна ажурност.

ПРЕДМЕТИ ПО ТРГОВСКИ СПОРОВИ
Ќе постапуваат двајца судии

-нерешени на крајот на 2023 година 14 предмети
-очекуван прилив 12 предмети
-вкупно во работа 26 предмети
-да се решат 18 предмети
Остаток на 31.12.2023 година 8 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по помалку од 1 предмет за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 8 предмети на крајот на годината преставува помалку од еден месечен заостаток и со тоа судот во оваа област би бил апсолутно ажурен.

СТЕЧАЈ И ЛИКВИДАЦИЈА
Ќе постапуваат двајца судии

-нерешени на крајот на 2023 година 7 предмети
-очекуван прилив 30 предмети
-вкупно во работа 37 предмети
-да се решат 20 предмети
Остаток на 31.12.2024 година 7 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по еден предмет месечно за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 7 предмети на крајот на годината претставува помалку од еден месечен заостаток што значи апсолутна ажурност.

ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ
Ќе постапуваат двајца судии

-нерешени на крајот на 2023 година 86 предмети
-очекуван прилив 200 предмети
-вкупно во работа 286 предмети
-да се решат 250 предмети
Остаток на 31.12.2024 година 36 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по 12 предмети за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 36 предмети на крајот на годината ќе претставува три месечен заостаток и ќе се постигне релативна ажурност во оваа област.

ФИЗИЧКИ ДЕЛБИ
Ќе постапуваат двајца судии

-нерешени на крајот на 2023 година 12 предмети
-очекуван прилив 10 предмети
-вкупно во работа 22 предмети
-да се решат 20 предмети
Остаток на 31.12.2024 година 2 предмети

Бројот на предметите кои се планира да бидат решени е добиен имајќи во предвид дека судијата треба да решава просечно месечно по помалку од еден предмет за 10.5 месеци работа.

Остатокот од 2 предмети на крајот на годината ќе претставува помалку од едномесечен заостаток а со тоа и апсолутна ажурност.

## 6.КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Со цел обезбедување на нормално функционирање на судот, подобрување на целокупните услови за работа и одржување на судската зграда, за 2024 год. се планирани капитални инвестиции во делот на промена на кровот на судската зграда, кречење и фарбање, како и набавка и замена на оштетениот инвентар во дел од судниците и претседателскиот кабинет.

Заради намалување на поштенски трошоци за достава на пошта во селските населби во Општина Кочани е планирана набавка на мопед за потребите на доставната служба.

Спроведувањето предвидените капитални инвестиции ќе се врши согласно Законот за јавни набавки, а рализацијата на истите ќе зависи од висината на средства кои за таа намена ќе бидат одобрени од надлежните институции и органи.

Во текот на 2024 година ќе продолжат активностите за лачење на архивската граѓа, средување на архивата и одземаните предмети во кривичните постапки, согласно позитивните прописи за постапување со вакви предмети, а ќе се превземат и активности околу средување на кругот на судската зграда.

## 7. ЗАКЛУЧОЦИ

Имајќи ги во предвид вака дадените констатирани и утврдени податоци за состојбата со нерешени предмети од претходната 2023 година во секоја област посебно, очекуваниот прилив и очекуваните остварувања на предвидените норми за секоја област посебно, сметаме дека оваа Програма е остварлива со залагање и вложување на поголеми напори на носителите на судиската функција, како и на судската служба, но и со искористување на сите објективни и субјективни можности на судот и секој поединец посебно, не постои релана можност судот да ја достигне состојбата на апсолутно ажурен суд доколку во текот на оваа година не биде вратен судијата кој што е поставен за вд претседател во Основен суд Берово или евентуално се избере уште еден судија.

Посебно треба да се потенцира дека моменталните објективни услови овој суд, од предвидените десет судиски места фактички судиската функција во текот на 2023 година ја вршеа само шест судии, заедно со претседателот на судот, доведоа до тоа да за 2023 година овој суд не успеа да го совлада приливот и да го намали заостатокот, и дека доколку и во наредната 2024 година состојбата остане непроменета, односно не се изврши избор на најмалку двајца судии и враќање на делегираниот судија во Основен суд Берово, и во текот на 2024 година судот нема да успее да го совлада приливот и да го намали заостатокот.

Слична е и состојбата со судската служба.

Последните неколку години по разни основи се испразнети повеќе работни места во судската служба за кои не се одобруваат нови вработувања, во моментов по систематизација постојат непополнети околу 50 работни места, кое нешто дополнително го отежнува целокупното нормално работење на судот, па од тука, за да може во целост и квалитетно да се оствари оваа Програма нужно потребно е враќање на делегираните судии и обезбедување на согласност за пополнување на дел од испразнетите работни мести во судската служба, особено што се очекува во текот на наредните години и понатаму да се намалува бројот на судските службеници и судии, поради исполнување на услови за пензионирање и по други основи, кое нешто дополнително може да влијае врз оставрување на оваа Програма.

**ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ**, 23.01.2024 год.

Претседател на судот,
М-р Сузана Милевска